Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
## од Осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 септември 2022 година

Скопје, септември 2022 година

**З А П И С Н И К**
**од Осумдесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 9 септември 2022 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 11:05 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците

На седницата учествуваа Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Беким Сали, министер за здравство и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика, м-р Даим Лучи, заменик на министерот за култура, Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски и д-р Христина Оџаклиеска, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата учествуваше и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор задолжен за дијаспора.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

3. Предлог-одлука за посебни услови за трговијата на одделна стока

4. Информација за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Милевска А.бр.37805/19 и други и 7 други апликации против Северна Македонија, со Предлог-одлука

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 2**

Владата заклучи, заклучоците донесени на 74-та седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 25 август 2022 година, точка 5, Прашања и предлози, да се изменат и да гласат:

„1. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да објави тендерска постапка за избор на надзор и правен трансакциски советник за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d.

2. Се задолжува Јавното претпријатие за државни патишта да направи измена на Договорот за консултативни стручни анализи и мислења при проектирањето, изградбата и одржувањето на државните патишта во Република Северна Македонија, стручни консултации при припремните работи за изработка на техничката документација, стручни консултации при изработка на техничката документација, ревизија на изработена техничка документација, давање на консултативни стручни мислења и анализи при градењето, одржувањето, надградбата - рехабилитацијата на коловозните конструкции на патиштата и објектите на нив и по потреба да врши контролни геомеханички, асфалтни и бетонски испитувања во времетраење од една година, склучен со Градежен факултет, со кој Градежен факултет ќе изработи физибилити студија за изградба на Коридор VIII и Коридор X-d во согласност со Законот за јавните набавки“.“

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за посебни услови за трговијата на одделна стока, во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на Одлуката на Европскиот суд за човекови права во предметот Милевска А.бр.37805/19 и други и 7 други апликации против Северна Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, во предложениот текст.

Средствата да бидат исплатени, најдоцна до 12 септември 2022 година.

*

*    *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 11:15 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Д-р.Артан Груби**